# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
јануари 2016 година

## РАБОТИЛНИЦА ЗА РАБОТНА ГРУПА РЕФОРМИ ВО СИНДИКАТОТ: ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО СИНДИКАТИ

**29.1. - 1.2.2016**

Регионалниот синдикален совет "Солидарност" во рамките на проектот "На патот кон ЕУ", организираше Камп за млади, работилница на тема: "Структура на младите во синдикалните организации во Регионалниот Синдикален Совет "Солидарност" и генерално во Западен Балкан, како и ситуацијата на младите во синдикатите и општество" во х. Милениум во Охрид од 29.1. до 1.2.2016 година. На работилницата присуствуваше и истата ја отвори претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), д-р Живко Митревски, а покрај претставниците од Секцијата на млади на Сојузот на синдикатите на Македонија (СМССМ), присуствуваа претставници од Секциите на млади од регионот, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија (КСС), Сојуз на самостојните синдикати на Србија (СССС), Соединети грански синдикати „Независност“ Србија, Унијата на слободни синдикати на Црна Гора (УСЦГ), Сојуз на самостојни синдикати на Словенија (ЗССС), Сојуз на синдикати на Босна и Херцеговина (ССБиХ), Сојуз на синдикати на Република Српска (ССРС) и Сојуз на синдикати на Косово (БСПК).



Слика 1. Учесниците на Кампот за млади



Слика 2. Претседателот на ССМ, д-р Митревски

На првиот ден тема на работилницата беше: Млади, како гаранти за иднината на Синдикатот. Референтното лице Горан Лукиќ, соработник на Синдикатот и Млади плус како и претседател за советување на мигранти во своето излагање ја покажа структура на младите во Словенија и успешни кампањи во земјите од Западен Балкан. Претседателот на Секцијата на Млади на Сојузот на синдикатите на Македонија (СМССМ), м-р Лидија Насковска, одржа презентација на тема: „Состојбата на младите во синдикатот и на пазарот на трудот во Република Македонија“, во која го истакна работењето на секцијата на млади и кампањите,советувањата и измените на закони кои ги имаше во периодот од октомври 2015 година па се до крајот на јануари 2016 година. Како најважни беа истакнати активностите за отпочнување на кампањата во борба против непријавена работа, обуката за зачленување на нови членови во мултинационалните компании како значењето на најновите измените на Законот за БЗР во делот на подигање на улогата на синдикалниот претставник и Кривичниот Закон во делот на одредување на казна затвор за работодавачот кој не исплаќа плата, придонеси и надоместоци како и ако побара истите да му бидат вратени или пак го избрка од работа работникот кој што го пријавил за стореното дело.

Претставникот од Сојуз на самостојни синдикати на Словенија (ЗССС), Млади плус, Сања Лебан Тројар, ја претстави кампањата и вмрежување „За социјално вмрежување", како и примери на добра пракса.

Вториот работен ден, работилницата беше на тема: "Невработеноста на младите и стручна подготовка". Референтно лице беше Желимир Станиќ, активист од ЗССС, Млади плус и член на Младинскиот комитет Европската Конфедерација на Синдикати (ЕКС).

Желимир Станиќ, ни ја прикажа структурата на младите во ЕКС од регионот, како и положбата на младите во Синдикатите и во општеството во целина, примери на добра организација и пракса, како што се примерот на Синдикатот на ДЕСК во Турција, потоа во Унгарија и примери од други земји во Југоисточна Европа.

Покрај плодната дискусија која што ја имаше на работилницата и заклучоците кои произлегоа, беше потенцирано дека од големо значење би било понатамошното од редовно одржување на пленарните состаноците на Секциите на млади од регионот во состав на пленарните состаноци на Регионалниот синдикален совет „Солидарност".

## КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЛОКАЛНО ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛНИТЕ СОВЕТИ

**28.1.2016**




Слика 1. Претседателот на МПС, Тихомир Климоски во улога на претседавач на конференцијата

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски присуствуваше на Конференција за локалните економско- социјални совети, на која домаќин беше УСАИД преку Проектот за стекнување вештини за вработување кај младите (Мрежа ЈЕС).

На конференцијата во улога на претседавач беше Претседателот на македонскиот полициски синдикат (МПС), Тихомир Климоски, кој воедно е и претседавач на Локално економскиот-социјален совет (ЛЕСС) на град Скопје.

На конференцијата се дискутираше за постигнувањата и предизвиците во функционирањето на ЛЕСС, како и за нивната важност како движечка сила при развивање ефикасни економско-социјални политики, генерирање нови работни места, како и при подобрување на локалните економии и улога на поддршка на локалните политики за вработување. Исто така присутните разговараа и за тоа што треба да се направи за да се обезбеди нивната долгорочна одржливост.

Поздравни обраќања имаа и амбасадорот на САД во Република Македонија, Неговата Екселенција г-н. Цес Бејли и министерот за труд и социјална политика Фросина Ташевска-Ременски.



Слика 2. Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски

Користејќи го Националниот економско- социјален совет (НЕСС) како модел, УСАИД заедно со Сојузот на синдикатите на Македонија и со социјалните партнери помогна да се основаат ЛЕСС во Штип, Струмица, Битола, Гостивар, Тетово и во Град Скопје а УСАИД го подржува и веќе воспоставениот Економски совет на Прилеп.

ЛЕСС се формирани и во Ресен. Свети Николе и Велес со поддршка на ЕУ/МОТ. Иако основањето на овие ЛЕСС беше потпомогнато со меѓународна поддршка, општините ќе бидат одговорни за нивното одржување. Покрај претседателот на ССМ на конференцијата присуствуваа и претставници од НЕСС и ЛЕСС од општинските власти и социјалните партнери.

## ОДРЖАН 7-ОТ КОНГРЕС НА СИНДИКАТОТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ТЕКСТИЛНАТА, КОЖАРСКАТА И ЧЕВЛАРСКАТА ИНДУСТРИЈА НА РМ

**27.1.2016**

На 27. 01 2016 година се одржа 7-от Конгрес на Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ по мотото "Време е заедно да го оствариме правото на достоинствен труд". На Конгресот покрај другото беше донесен Статут, и Програма за дејствување на СТКЧ во периодот 2015-2020 година.




Слика 1. Работно претседателство

На конгресот беше избран и нов претседател на СТКЧ, Љупчо Радовски - АД Тетекс, Тетово долгогодишен синдикален активист во СТКЧ. Синдикатот и во натамошниот период ќе го продолжи својот демократски принцип на дејствување почитувајќи ги основните начела на креирање методи и активности за градење на поправедно општество, реализирање на уставната и законска позиција на социјално-економските интереси на работниците, нивните семејства и воопшто синдикатите во нашата држава. СТКЧ во наредниот петгодишен период,своите програмски цели и задачи ќе ги насочи кон промоција, афирмација и заштита на економските и социјалните права и интереси на своето членство и ќе се залага за остварување на нивните права загарантирани со Уставот, законите, колективните договори и другите прописи. Покрај реализацијата на овие определби, ќе се настојува истите да се поврзат со развојната стратегија насочена кон реализација на микро и макро план.




Слика 2. Новоизбраниот претседател на СТКЧ, Љупчо Радовски

Тоа ќе значи и создавање на предуслови за натамошна општествена афирамција на СТКЧ и зацврстување на негова реална позиција на значаен социјален партнер во општеството и учесник во проектирањето на глобалните општествени односи. Во таа насока, Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ во претстојниот период својата активност ќе ја насочи кон остварување на правата на работниците, доследно остварувајќи ја својата уставна, законска и статутарна позиција како самостојна, независна и интересна организација на работниците притоа унапредувајќи го организирањето и начинот на дејствување. Активностите на СТКЧ посебно ќе бидат насочени на полето на економскиот и социјалниот развој; социјалниот дијалог и колективното договарање; заштитата на правата на работниците; меѓународната соработка и, секако, на градење на современ, мобилен и помногуброен синдикат на кого работниците ќе му веруваат, имаат доверба и преку кого ќе ги остваруваат своите права.

## ОДРЖАН СЕМИНАР ЗА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ЕВРОПА

**27.1.2016**




Слика 1. Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски на отворањето на семинарот

Во рамките на проектот „Колективното договарање и застапување на привремените работници во Европа, развој и зајакнување на индустриските односи како одговор на промените на европскиот пазар на труд“, Сојузот на синдикатите на Македонија на 27.1.2016 година, одржа семинар на кој ги презентираше резултатите од истражувањето спроведено во ЕУ 28 и 5 –те држави вклучени во проектот Македонија, Шпанија, Португалија, Италија и Германија. Семинарот го отвори претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), д-р Живко Митревски, кој во своето излагање ја истакна важноста од истражувањето кое беше спроведено на терен а кое за крајна цел ја има изработката на комплетна анализа и студија посветена на оваа тема. На семинарот покрај гранските синдикати кои беа дел од фокус групата присуствуваа и претставниците од Центарот за економски и социјални студии, синдикат Италија (ЦЕСОС), г-ѓа Вилма Ринолфи која е координатор на проектот и г-ѓа Флавија Пеше, проект менаџер и постар истражувач во проектот.



Слика 2. Координаторот на проектот, г-ѓа Вилма Ринолфи



Слика 3. м-р Лидија Насковска, постар истражувач во проектот

На самиот почеток, координатор на проектот г-ѓа Вилма Ринолфи од ЦЕСОС, накратко го претстави проектот и даде осврт на целите и активностите од проектот како и ја нагласи фазата во која се наоѓа проектот.

По нејзиното излагање, м-р Лидија Насковска, Советник на претседателот за проекти и ЕУ интеграции во ССМ а како постар истражувач во проектот, даде осврт на проблемите и насоките кои беа истакнати од фокус групата во Македонија, на 24 јуни 2015 година кој ги истакнаа трите главни проблеми и можни решенија на истите со кои се соочуваат привремените работници:

1.Проблеми кои произлегуваат од времетраење на ангажманот
2.Непостоење на посебен колективен договор за привремени работници
3.Други проблеми на привремените работници корисници на некои социјални бенефиции, како што се: социјална парична помош и социјална заштита.


Слика 4. Љубица Дековска, економски експерт

Меѓу другото таа истакна дека: „Генерални причини во Македонија поради кои привремените работници не прифаќаат да работат привремена работа се:

- можноста за губење на статусот на социјално загрозено лице,
- губење на социјалната помош и
- повторна сложена процедура за здобивање со статус–социјално загрозено лице.“

Врз основа оваа анализа и дадените препораки од фокус групата, беше изработен Извештајот за „Колективното договарање и застапување на привремените работници во Европа. Развој и зајакнување на индустриските односи како одговор на промените на европскиот пазар на труд“, кој на семинарот беше презентиран од страна на економскиот експерт, Љубица Дековска.

Во нејзината презентација беа истакнати резултатите од квантитативната и квалитативната анализа на податоците за привремените вработувања во ЕУ 28 и 5 –те држави вклучени во проектот Македонија, Шпанија, Португалија, Италија и Германија, кои беа добиени од базата на податоци ЕУРОСТАТ и по пат на теренски истражувања и директни комуникации и размена на податоци со претставници од синдикати и претставници од Организациите на работодавачите во овие земји.

Во презентацијата беа истакнати начините на застапување на привремените вработени и можностите за колективно преговарање за подобрување на нивните права од работен однос.

На крајот беа презентирани заклучоците и препораките кои ќе стимулираат дискусијата за изнаоѓање на практични решенија за дејствување кои можат да придонесат за решавање на проблемите со кои се соочуваат привремените вработени.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА РЕГИОНАЛНАТА СИНДИКАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА ВО РАДОВИШ



Слика 1. Претседателот Митревски со секретарот на РСК Радовиш, Зорка Андонова

**24.1.2016**

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски на 24.1.2016 г. оствари работна средба во Регионалната синдикална канцеларија во Радовиш со секретарот на канцеларијата Зорка Андоновска.

На состанокот беше разговарано за состојбата со нови зачленувања, функционирање на социјалниот дијалог на локално ниво и стечајните постапки, при што беше констатирано дека постојат можности за започнување на активности за нови зачленувања посебно во малите и средните претпријатија.

Истовремено беа разгледани и можностите за подобрување на функционирањето на социјалниот дијалог и поврзаноста со организациите на работодавачите на локално ниво како би можело да се ефектуира социјалниот дијалог.

# ОТВОРЕНА ПРВАТА БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА

**22.1.2016**

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, присуствуваше на отворањето и пуштање во употреба на првата биогасна централа на Земјоделскиот комбинат Пелагонија АД Битола во битолското село Новаци. На пуштањето на употреба присуствуваа голем дел на дипломатскиот кор како и амбасадорот на САД во Република Македонија, Неговата Екселенција, г-н. Џес Бејли и претставници на бизнис секторот од Македонија.



Слика 1. Претседателот д-р Митревски на отворањето на првата биогасна централа



Слика 2. Внатрешниот погон во централата

Значајно е да се напомене дека во рамките на ова ново отворено претпријатие сите вработени се синдикално организирани

Оваа централа има капацитет од 3 мегавати струја на час и современа фарма наменета за 2.000 крави. Вкупната инвестиција е околу 20 милиони евра. Најголем дел од парите се обезбедени од самата компанија. Во централата ќе се преработува арското ѓубриво од фармата, со чија преработка ќе се добива био-гас.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та МакедонскаУдарна Бригада“ бр. 2-А, 1000 Скопје
контакт тел/факс +389 2 3161374
е-маил: info@ssm.org.mk